**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 09-1578/4
Датум: 23.08.2017 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 51 од Правилникот за внатрешните односи иработењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и член 72 од Правилата за студирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје-Факултет за електротехника и информациски технологии–Скопје бр. 02-924/1 од 12.5.2015 г. а во врска со Известувањето бр. 09-1578/3 од 23.08.2017 година од Институтот за телекомуникации, деканот донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. Институтот за телекомуникации на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им дава стипендија (од расположливите средства на Институтот) во висина од надоместокот на партиципација од 200 евра, во денарска противвредност, на пет студенти пријавени за упис во прва година во учебната 2017/2018 година, на студиската програма телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ), кои при уписот ќе бидат највисоко рангирани и при тоа да оствариле минимален успех од 95 поени од средно образование.

2. На студентите кои ќе остварат просечен успех од најмалку 9,00 и ќе освојат најмалку 80% од кредитите предвидени за претходната студиска година ќе им биде продолжена стипендијата и во наредната студиска година.

3. Средствата од точка 1 на ова решение ќе бидат покриени од средствата на Институтот за Телекомуникации, раководител проф. д-р Борислав Поповски.

4. На секој корисник на стипендијата утврдена во точка 1 му се издава посебно решение. Примерок од решението да се чува и во досието на студентот.

5. Примерок од одлуката да се достави до: Службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата, продеканот за настава, сметководството и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски

Изработил:

Контролирал:
Раководител на сметководство

Одобрил:
Продекан за финансии